


# Соработник за присилна наплата и контрола на платежни сметки
# Forced collection and control of payment accounts Associate

**Локација:** Скопје или Охрид

**Оддел:** Дирекција за банкарски операции / Служба за платен промет во земјата

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**35 експозитури**

**повеќе од 200.000 клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилет и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

- Прием и контрола на исправноста на примените решенија за присилна наплата
- Активности за спроведување на присилна наплата и блокирање на сметки согласно инструкциите во решенијата за присилна наплата
- Пресметка на камата и наплата на надоместоци поврзани со присилната наплата
- Водење на евиденција на примените решенија за присилна наплата и воспоставување на регистар на блокирани сметки
- Деблокирање на сметки и изготвување на потребни потврди и извештаи по барање на клиенти
- Обезбедување поддршка на експозитурите и организациските делови во доменот на присилна наплата
- Остварување контакти со екстерни институции поврзани со присилна наплата
- Следење на отворање и затворање на трансакциски сметки на правни лица согласно законската регулатива и интерните процедури
- Предлози за унапредување на работните процеси и техничката поддршка во соработка со ИТ секторот
- Тестирање на нови и изменети функционалности во информациониот систем
- Следење на законската регулатива и учество на стручни обуки и семинари
- Соработка со другите организациони единици и учество во заеднички проекти
- Извршување на други задачи во рамките на овластувањата или по налог на претпоставениот

## Кои квалификации се потребни

- Завршено високо образование од областа на економските науки
- Пожелно е работно искуство во банкарско работење
- Одговорност, доверливост и лојалност во работењето
- Способност за управување со времето и работа под притисок
- Прецизност, аналитичко размислување и вештини за решавање на проблеми
- Вештини за комуникација и иницијативност
- Способност за препознавање и управување со ризици во работењето
- Одлично познавање на компјутерски апликации (MS Office)

## Кои ќе бидат твоите придобивки

- Динамична и инспиративна работна средина со континуирана обука и можности за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Пријатна и мотиврачка работна атмосфера
- Работна позиција која нуди можност за стекнување и унапредување на специфични знаења, како и за развој на специфични вештини
- Приватно здравствено осигурување
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing).

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивациско писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **25.09.2025 година** со назнака **„Апликација за Соработник за присилна наплата и контрола на платежни сметки“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!